

# Вкус на префинетост и стил

## Винарија „Камник“

Запрашани за мотивацијата и она што го работат, луѓето од винаријата „Камник“ велат дека тоа е: ***Страста, страста за совршенството, желбата за уживање во едноставните животни радости и миговите на креација. Соочувањето со предизвикот и извонредноста преку виното, тоа е нашата приказна***. Она што е уникатно за нив, велат, е пристапот кон одгледувањето на лозите и правењето на вино, уметноста на комбинирањето на традиционалните македонски вредности со авангардниот и модерен однос кон лозјето и, воопшто, кон македонската винска култура.

***ОКОЛУ ВИНАРИЈАТА „КАМНИК“...***

**Лозјата на винаријата, засадени и култивирани со визија за извонредност,** опфаќаат површина од 13 хектари плодно земјиште. Тие се наоѓаат на надморска висина од најмалку 300 м, а се засадени со густина од 5.500 лози/хектар и култивирани со Спур кордон и Гијот метод. **Покрај останатите исклучителни предуслови, важен фактор е и специфичната микроклима:** воздушните струења кои доаѓаат од блиските планини ја ладат почвата на лето, а преку зима овозможуваат нејзино затоплување, со што се создава исклучително поволна микроклима.

***НЕКОИ ПОСПЕЦИФИЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГРОЗЈЕТО...***

**Гроздовите во „Камник“ се одгледуваат со особено внимание.** Се применува редукција на приносот за добивање поконцентрирани гроздови и вина со поинтензивни вкусови и максимално се применува научно и експертско знаење.




**КУРИОЗИТЕТ:** Лозјата на „Камник“ се место каде се случуваат вистински вински иновации – се одгледуваат новоразвиени клонови од модерните вински сорти кои се користат за производство на вина од светски ранг.

***ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА***

Целта на винаријата „Камник“ и во иднина е создавање на исклучителни македонски вина, за сите оние кои уживаат во богатите и избалансирани вкусови со премиум-квалитет.

***ПОГЛЕД НАНАЗАД***

Зборот визија е клучот кој ја отвори портата на винаријата „Камник“ кон широките полиња на неистражени идеи за креација. Традицијата за одгледување лозје и правење вина, која секогаш била дел од македонската култура, е основата на која се поставуваат темелите на винаријата „Камник“ во 2004. Растејќи заедно со лозјата околу неа, оваа бутик-винарија денеска е еден од водечките производители на премиум-вина во регионот. Квалитет на нивните вина е признаен и на некои од најреномираните вински настани и натпревари во светот и според најстрогите критериуми за квалитет. Вината на „Камник“ донесоа престижни медали и трофеи за својата земја од некои од овие натпревари.

***НЕКОИ ОД НАГРАДИТЕ НА ВИНАТА КАМНИК***

***Terroir Vranec 2011 Grand Reserva***

- **Decanter World Wine Awards 2013, Лондон:** Регионален трофеј за Централна и Источна Европа за најдобро црвено вино во категоријата црвени вина по цена од над 15 фунти;
- **Decanter World Wine Awards 2013, Лондон** – Златен медал.

***Merlot Single Vineyard 2010 Reserva***

- **Balkans International Wine Competition 2013:** Гранд трофеј, Шампион на сите вина, Најдобро црвено вино на Балканот за 2013;
- **Vino Slovenija, 2013:** Шампион во категоријата суви црвени вина не постари од три години.

***TEN BARRELS Syrah 2011 Reserva***

- **Syrah du Monde 2014, Франција**: Златен медал.

# Kamnik wines

Врвните производи на најпрестижниот производител на вински чаши „Ридел“ можат да се најдат во винотеката „Камник Вина“ во центарот на Скопје. Покрај вината на винаријата „Камник“, чашите Ридел се изложени заедно со други вински аксесоари, па клиентите можат да направат избор и комбинации на производи според своите потреби на самото место во винотеката.

…………………………………………………………………..

Винотека „Камник Вино“
ул. „Димитрие Чуповски“, бр. 15, Скопје
Тел.: 02/3117-080









